

# Можност за вработување:
# Маркетинг Асистент

Грант Торнтон, **grantthornton.mk**, е една од водечките организации во светот составена од независни фирми кои обезбедуваат ревизорски, даночни и советодавни услуги, кои им помагаат на динамичните организации да го поттикнат растот преку широк спектар на професионални услуги. За нашата канцеларија во Скопје, потребни ни се енергични и проактивни лица и доколку сакате да бидете дел од нашиот тим и да имате долгорочна кариера со можност за просперитет, аплицирајте за позицијата Маркетинг асистент.

## Доколку сакате да бидете дел од нашиот тим ви нудиме:

- Пријателска и динамична работна средина, во која можете да ги развивате своите вештини и компетенции
- Нудиме одлични можности и постојан развој на кариерата за амбициозните кандидати кои имаат желба за напредок
- Обука и менторство

## Улога во тимот:

- Креирање објави, споделување, следење и уредување на платформи на социјални медиуми (Facebook, LinkedIn итн.)
- Водење и уредување содржини на веб страна
- Комуникација и координација со маркетинг агенција
- Организација и реализација на маркетинг плановите
- Постојано подобрување на маркетинг техниките
- Процесирање и набавка на маркетинг материјали согласно брендот
- Останати активности во делокругот на  дигитален маркетинг
- Подготовка на документација за учество на тендери
- Подготовка на понуди

## Потребни квалификации и компетенции:

- Универзитетска диплома  (област на Маркетинг, Комуникации, Е-бизнис)
- Познавање и работно искуство со програми за графички дизајн (Photoshop, Adobe illustrator, Adobe Indesign)
- 5 години работно искуство во професионална средина
- Познавање на деловен англиски јазик, усно и писмено
- Одлично познавање на Microsoft Office и развиени компјутерски вештини
- Одлични комуникациски и меѓучовечки односи
- Демонстрирање на цврста работна етика
- Способност за филтрирање информации и проценка на приоритети
- Способност за одржување дискреција при справувањето со доверливи информации
- Самодоверба и способност за работа по своја иницијатива и со ограничен надзор

Изберете го Грант Торнтон, затоа што вашиот професионален и личен успех е наша заложба, аплицирајте со испраќање на ваша кратка биографија на **Careers@mk.gt.com** најдоцна до 30.11.2023 година и станете дел од семејството на Грант Торнтон.

Напоменуваме дека ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на избор. Грант Торнтон е работодавач со еднакви можности за сите.

Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост.